Врз основа на член 11 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2008, 158/2010 и 51/2011), член 13 од Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/11), а во врска со член 10 став (2) алинеја 3 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/09 и 158/10), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесува

# ПРАВИЛА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ И ОДГОВОРНОСТИТЕ НА АДМИНИСТРАТОРОТ НА ИНФОРМАЦИСКИОТ СИСТЕМ И НА ОВЛАСТЕНИТЕ ЛИЦА ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ И ИНФОРМАТИЧКО-КОМУНИКАЦИСКАТА ОПРЕМА

Правилата имаат цел да ги определат обврските и одговорностите на корисниците на личните податоци од аспект на користење на документите и информатичката опрема.

## 1. Обврски и одговорност на корисникот

Решение: При користење на документите кои се однесуваат на личните податоци, како и на информатичко-комуникациската опрема, корисниците и систем-администраторот се должни грижливо и одговорно да ги користат и да ги обработуваат личните податоци.

Во однос на личните податоци, корисникот и систем администраторот:

- не треба да преземаат дејствија со кои ќе овозможат пренесување на корисничкото име и лозинката на други лица,
- не треба да учествуваат во создавање услови кои ќе овозможат неовластен пристап до личните податоци,
- не смее вербално да ги пренесуваат податоците на други лица,
- личните податоци не треба да ги изнесуваат надвор од работните простории, и
- доколку забележат или имаат сознанија за вршење на

недозволени дејствија над личните податоци, треба да го известат контролорот.

Во однос на информатичката опрема, корисникот и систем-администраторот треба:

- да се грижат за опремата,
- правилно да ракуваат со опремата,
- да не ја оштетуваат и да не ја уништуваат опремата и медиумите,
- секој инцидент навремено да го пријават согласно со правилата за пријавување, реакција и санирање на инциденти,
- корисниците во соработка со систем-администраторот, на секои три месеци да ја променуваат својата лозинка,
- систем-администраторот не треба да дозволи пристап на неовластени лица во просторијата во која се сместени серверите без негово присуство.

Контролорот задолжително ги информира корисниците кои имаат пристап до личните податоци и до информацискиот систем, со документацијата за технички и организациски мерки кои се однесуваат на извршувањето на нивните обврски и одговорности.

Корисниците задолжително имаат авторизиран пристап само до личните податоци и до информатичко-комуникациската опрема кои се неопходни за извршување на нивните работни задачи.

Контролорот воспоставува механизми за да се оневозможи пристап на корисниците до личните податоци и информатичко-комуникациската опрема, со права различни од тие за кои се авторизирани.

Во евиденцијата на корисниците се внесуваат и нивоата на авторизиран пристап за секој корисник.

Администраторот на информацискиот систем кој е овластен со Актот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци може да доделува, да менува или да го одзема авторизираниот пристап до личните податоци и информатичко-комуникациската опрема, само во согласност со критериумите кои се утврдени од страна на контролорот.

**2. Непочитување на обврските**

Решение: Во случај на непочитување на обврските од точка 1, кон корисникот ќе се применуваат прописите од областа на работни односи, како и одредбите од Колективниот договор за уредување на правата, обврските и одговорностите од работен однос на АКН. Деталната постапка за надомест на штета во случај на намерно или нејзино предизвикување во случај на небрежност е пропишана во глава VIII Надомест на штета од Колективниот договор на Агенцијата за катастар на недвижности.

**3. Објава**

Ова правило влегува во сила со денот на објавувањето на огласна табла во АКН, односно со објавата на веб-страницата на АКН.

**Претседател на Управен одбор**

______________________________

Димитар Димовски